РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Бр. 10 - 1417/2
19.10 20.22 год.
Василево

Градоначалникот на Општина Василево, решавајќи по барањето на **Друштво за производство трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ -Охрид**,во Општина Василево поднесено под број 29-07-04/22 од 29.07.2022 година за одобрување на урбанистички проект за инфраструктура, врз основа на член 62 став 7 и став10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

# РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДБА: НОВОПЛАНИРАН СН10(20)kV КАБЕЛСКИ ПОДЗЕМЕН ВОД ОД ПОСТОЕН СТОЛБ НА КП 2605 ДО ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА ТС 10(20)/0.4кV на КП 2510 во КО ДОБРОШИНЦИ, ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**, со технички број Е- 86/22-уп од Мај 2022 година, изработен од Друштво за производство трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ -Охрид

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за производство трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ - Охрид, поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект за инфраструктура,со технички број од март 2022** изработена од Друштво за производство трговија и услуги ЕЛЕКТРО ДИЗАЈН ДООЕЛ -Охрид, за изработка на **одобрува УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЛИНИСКА ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДБА: НОВОПЛАНИРАН СН10(20)kV КАБЕЛСКИ ПОДЗЕМЕН ВОД ОД ПОСТОЕН СТОЛБ НА КП 2605 ДО ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА ТС 10(20)/0.4кV на КП 2510 во КО ДОБРОШИНЦИ, ОПШТИНА ВАСИЛЕВО**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Предлог за Урбанистички проект (pdf,dwg)
2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)
3. Геодетски елаборат
4. Полномошно
5. Мислење од институции
6. Урбанистички проект

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Василево, со Решение бр. 09-48/1 од 13.01.2022 година и изменето решение бр.09-48/4 од 22.06.2022 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 10-1417/1 од 15.09.2022 година.

Градоначалникот на општината Василево по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Изработил:А.Иванов

Одобрил: раководител Б.Андонов

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Славе Андонов**